**Општина Охрид**

Бр. 09-549/14

Охрид, 01.11.2024год.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02) и член 34 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20),а во врска со член 35од Законот за просторно и урбанистичко планирање(„Сл. Весник на РМ"бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весникна РСМ"бр. 32/20, 111/23, 73/24 и 171/24), Градоначалникот на општина Охрид, донесе:

**СООПШТЕНИЕ
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА
ПОВТОРЕНА ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА
ЗА
ДУП ЗА УЗ 6 ДЕЛ ОД УБ 6.1 – ОПФАТ 2,
ОПШТИНА ОХРИД
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2029
ПРЕДЛОГ ПЛАН**

**СЕ СООПШТУВА организирање на повторена јавна анкета и јавна презентација за Предлог ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - опфат 2, општина Охрид, плански период 2019-2029** со тех. бр. 106/2018 од октомври 2024 год. изработен Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДООЕЛ - Скопје.

1. Планскиот опфат на **Предлог ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 –опфат 2, Општина Охрид, плански период 2019 – 2029**, е со површина од 13.90 ха и неговата местоположба е дефинирана во границите на:
   - **На северо-запад** границата се протега по осовината на собирната ул „7-ми Ноември" и тоа од крстосницата на собирната ул.„ 7 -ми Ноември" со ул.„Марко Несторoски" до крстосницата на собирната ул.„7-ми Ноември" со собирната улица „Прв градски ринг" планирана со ГУП за Град Охрид 2002-2012г.
   - **На запад** границата на опфатот се поклопува со источната граница на опфат на соседниот план Детален урбанистички план за 6-та Урбана заедница, дел од Урбан Блок 6.1 опфат 1, Охрид
   - **На северо-исток** границата се протега по основината на планираната собирна сообраќајница „Прв градски ринг" и тоа од крстосницата со собирната ул.„ 7 -ми Ноември" до крстосницата со сервисната ул.„Даме Груев"
   - **На југ** границата се протега по основината на сервисната улица„Даме Груев" и тоа од крстосницата со собирната ул.„Прв градски ринг" до крстосницата со ул.„Богомилска"

Бр. 09-549/14

Охрид, 01.11.2024год.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

2. Јавната анкета ќе трае од **11.11.2024 до 15.11.2024год.**
3. Јавната презентација ќе се одржи во големата сала на општина Охрид на ден **14.11.2024 год.** со почеток во**12.00 часот**
4. Заради обезбедување пристапност и увид од страна награѓаните и правните лица, планот освен на електронскиот систем е-урбанизам, ќе биде истакнат во холот н аопштина Охрид пред големата сала за состаноци, ќе бидеобјавен на web страната на општина Охрид, а соопштението за организирање на ЈА и ЈП ќе биде објавено во две јавни гласила.
5. Стручната служба ќе дава објаснување секој работен ден од 12 до 14 часот во просториите на општина Охрид.
6. Заинтересираните граѓани и правни лица своите предлози и забелешки, додека трае јавната анкета,можат да ги доставуваат на анкетни листови до надлежниот орган во писмена форма и на електронскиот систем е-урбанизам.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД
Кирил Пецаков

Kiril Pecakov

Digitally signed by Kiril Pecakov
Date: 2024.11.01 14:04:48 +01'00'